UDC:
DOI:

-IN MEMORIAM-



ПРОФ. Д-Р ВАСИЛ ГРАМАТНИКОВСКИ (1934–2026)

На 30 јуни 2026 година, на 92-годишна возраст, почина проф. д-р Васил Граматниковски, редовен професор во пензија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, поранешен декан на Географскиот факултет, раководител на Институтот за географија и претседател на Македонското географско друштво. Со неговото заминување македонската географска заедница изгуби еден од своите долгогодишни и заслужни дејци.

Васил Граматниковски е роден на 15 јануари 1934 година во селото Љубојно, Преспа. Основното образование го завршил во родното место, а гимназија во Битола во 1956 година. Истата година се запишал на групата за географија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, каде што дипломирал во 1960 година. Во 1962 година бил избран за асистент на Географскиот институт при ПМФ, со што започнал неговиот долгогодишен универзитетски пат.

Како асистент, во 1968 година ги завршил постдипломските студии од областа на аграрната географија на Филозофскиот факултет во Љубљана. Потоа, со одобрение на Наставно-научниот совет, одржувал настава по стопанска географија, а во 1972 година бил избран за предавач по предметот Општа стопанска географија. Во 1974 година докторирал на Географскиот институт при ПМФ во Скопје, со дисертацијата „Природно географските и

социоекономските процеси во Преспанската Котлина како фактори што го условуваат идниот стопански развиток на котлината“. Во 1975 година бил избран за доцент, во 1980 година за вонреден професор, а во 1985 година за редовен професор по Општа стопанска географија.

Својата научна ориентација во стопанската географија ја продлабочувал и преку повеќе студиски престои во странство. Во 1966 година престојувал во Полската академија на науките и уметностите во Варшава, во 1968 и 1969 година на Географскиот институт и на Високата техничка школа во Минхен, а во 1974 година на Географскиот институт при Економскиот факултет во Минхен. Во 1976 година гостувал со предавања на географските институти во Љубљана и Загреб.

Неговата научна дејност беше насочена кон стопанската и аграрната географија, со посебен интерес за развојните можности на одделни простори. Централно место во неговите истражувања заземаше Преспанската Котлина, неговиот роден крај. Покрај дисертацијата, ѝ ја посвети и обемната студија „Природно-географски, демографски и имотни карактеристики на Преспанската Котлина“ (Годишен зборник, кн. 21, 1975), а на Преспа ѝ се навраќаше и во подоцнежните децении. Во овие истражувања природните услови, населението и имотните односи ги разгледуваше заедно, како фактори на стопанскиот развој. Од вкупно 74 објавени труда, пет се објавени во странство, а резултатите од своите истражувања ги презентираше на повеќе научни собири во земјата и во странство.

Паралелно со наставата и истражувањата, проф. Граматниковски извршуваше и одговорни раководни функции. Во периодот 1977-1979 година беше декан на тогашниот Географски факултет во Скопје, а во два мандати, 1984-1988 и 1992-1996 година, раководител на Институтот за географија. Беше и раководител на Заводот за општествена географија и на Заводот за етнологија.

Посебно место во неговата професионална биографија зазема Македонското географско друштво. Во периодот 1969-1973 година беше секретар на тогашното Географско друштво на СР Македонија, а од 1990 до 1994 година, во годините на осамостојувањето на Република Македонија, беше претседател на Друштвото.

За својата работа беше добитник на Орден на трудот со златен венец, а по повод 70 години од основањето на Македонското географско друштво, во 2019 година, му беше оддадено признание како на еден од неговите поранешни претседатели.

Проф. д-р Васил Граматниковски припаѓаше на генерацијата што го продолжи делото на основоположниците на современата македонска географска мисла и учествуваше во нејзиниот научен и институционален развој. Неговиот придонес останува запишан во научните публикации, во историјата на Институтот за географија и во повеќедецениската дејност на Македонското географско друштво. Со почит и благодарност ќе се сеќаваме на него.

Нека му е вечна слава!

Проф. д-р Ристо Мијалов